| 9 | 415 | Комунални услуги | 9.744 | 14.000 | 69,60 |
| 10 | 417 | Трошоци за реклама, пропаганда, промоции, саеми | | | |
| 11 | 419 | Останати услуги | 401.847 | 252.649 | 159,05 |
| 12 | 420 | Плата и надоместоци на плата за производство | 1.585.687 | 1.474.650 | 107,53 |
| 13 | 422 | Останати трошоци за вработените | 56.400 | 43.834 | 128,67 |
| 14 | 430 | Трошоци за амортизација за производство | 2.133.188 | 2.590.586 | 82,34 |
| 15 | 440 | Дневн.за службени патувања, ноќевања и патни трошоци | 6.168 | 20.908 | 29,50 |
| 16 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 9.780 | 28.381 | 34,46 |
| 17 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | |
| 18 | 444 | Трошоци за репрезентација | 12.294 | 11.089 | |
| 19 | 445 | Трошоци за осигурување | 1.119.854 | 867.437 | 129,10 |
| 20 | 447 | Даноци кои не зависат од резултатот, членарини, и др. | 417.157 | 671.320 | 62,14 |
| 21 | 448 | Трошоци за користење на права | 31.069 | 7.640 | 406,66 |
| 22 | 449 | Останати трошоци на работењето | 1.500 | 4.037 | 37,15 |
| 23 | 452 | Вредносно усогласување на вложувања во недвижности | | | |
| 24 | 464 | Кусоци, кало, растур, расипување и кршење | | | |
| 25 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | |
| 26 | 474 | Камати од работењето со неповрзани друштва | | | |
| | | **I. Вкупни расходи** | **6.883.243** | **7.194.693** | **95,67** |
| | | **Iа. Вкупни расходи - без амортизација** | **4.750.055** | **4.604.107** | **103,17** |
| 1 | 740 | **Приходи од продажба на електрична енергија** | **40.014.576** | **66.557.373** | **60,12** |
| 1.1. | | ХЕЦ „Стрежево“ | 14.821.548 | 43.700.960 | 33,92 |
| 1.2. | | ХЕЦ „Биолошки минимум“ | 3.558.117 | 8.657.589 | 41,10 |
| 1.3. | | ХЕЦ „Експлоатационен минимум“ | 6.742.383 | 3.747.322 | 179,93 |
| 1.4. | | ХЕЦ „Филтерница“ | 10.438.884 | 8.060.692 | 129,50 |
| 1.5. | | ХЕЦ „Довлеџик“ | 4.453.644 | 2.390.810 | 186,28 |
| 2 | **745** | **Приходи од произв. на ел. ен. за сопст. потреби** | **1.220.460** | **2.027.133** | **60,21** |
| 3 | **767** | **Приходи од субвенции и донации** | | | |
| 4 | **769** | **Останати приходи од работење - надомест на штета** | | | |
| | | **II. Вкупни приходи** | **41.235.036** | **68.584.506** | **60,12** |
| | | **III. Деловен резултат (II-I)** | **34.351.793** | **61.389.813** | |
| | | **IIIа. Деловен резултат без амортизација (II-Iа)** | **36.484.981** | **63.980.399** | |

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО ТЕКОВНАТА 2023 ГОДИНА**
**- АКВАКУЛТУРА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОДАЖБА НА РИБА -**

Аквакултурата - производство и продажба на риба, како една од дејностите која ги обавува ЈП „Стрежево“, го опфаќа целокупното работење што се одвива во објектите на Рибникот и Рибарницата.

Рибникот се наоѓа на просторот под браната „Стрежево“, и ги користи водите што се испуштаат од акумулацијата во реката Шемница за обезбедување на неопходниот биолошки минимум. Производството на риба (виножитна пастрмка) се одвива во 22 бетонски базени поставени во 3 батерии и базени од пластична маса, со капацитет од над 60 тона риби годишно.

Во 2023 година се продадени вкупно 51.836 килограми виножитна пастрмка. Од кои преку надворешни правни субјекти (рибарници и угостителски објекти) продадени се 28.456 кг. виножитна пастрмка, и 23.380 кг. виножитна пастрмка продадени се преку рибарницата на ЈП „Стрежево“. Постигнат е прираст на риби од 50.610 кг.

За да се овозможи континуитет во производството, во 2023 година набавени се 1.700 кг. рибен подмладок со просечна тежина од 4 до 6 грама.

Во производството на риби во 2023 година потрошени се вкупно 65.175 кг. храна за риби со различни димензии и состав според потребите.

Имајќи во предвид потрошената храна за риби и вкупниот прираст на риби, се пресметува коефициентот на конверзија на риба, кој во 2023 година изнесува 1,29. Тоа укажува на зголемување во однос на коефициентот на конверзија во претходната 2022 година кој изнесувал 1,25. Или за секој килограм прираст на риби биле потребни 1,29 килограми храна за риби. И покрај тоа, може да се заклучи дека коефициентот се движи во задоволителни граници, што укажува дека вработените во Рибник доста се вложиле во процесот на производство на виножитна пастрмка, и една од главните задачи за наредниот период е да се одржи и да се подобри нискиот коефициент на конверзија на риба.

За подобрување на вкупните резултати од работењето на Рибникот ќе биде потребно да се преземат мерки и активности за подобрување на работењето во повеќе правци. И тоа:

1. Со посебно залагање вработените во рибопроизводството да го задржат нискиот коефициент на конверзија на риби, а ако е можно и да го подобрат;
2. Главно вработените во наредниот период да се фокусираат на намалување на смртноста на риби во процесот на производство, анализа на состојбите со овај проблем и преземање на превентивни мерки за спречување на помор на рибите од појава на заразни болести, или помор како резултат на неповолни физичко/хемиски својства на водата во базените. Користејќи го досегашното искуство и знаењето што го стекнале во работењето, како и искуството од другите рибници во земјата се очекува да се предложат според потребите и набавка на технички средства во насока на сузбивање на смртноста на рибите.
3. Секторот за комерцијално работење т.е. Одделението за продажба да продолжи со успешното истражување на пазарот и да ги утврди можностите за прифаќање на произведените количини на риба по региони и да утврди динамика на производство на риби во одредени периоди во текот на годината, со што ќе даде свој придонес во успешноста на работењето на Рибникот.
4. И покрај позитивното придвижување во поглед на наплатата на побарувањата за продадените риби, и понатаму треба со посебно внимание да се склучуваат договори со правните субјекти преку кои се пласира произведената риба и да се пратат состојбите со наплатата на побарувањата согласно договорените рокови за наплата.

Финансиските ефекти од работењето во 2023 година, детално се дадени во наредните табели.

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА ТЕКОВНАТА 2023 И ПРЕТХОДНАТА 2022 ГОДИНА**
**- ВКУПНО РИБНИК ( АКВАКУЛТУРА ) И ПРОДАЖБА НА РИБИ ( РИБАРНИЦА ) -**

| Ред. бр. | Конто | Опис | Рибарство - Аквакултура | | Индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Реализирано во тековна 2023 година | Реализирано во преходна 2022 година | |
| 1 | 400 | Трошоци за сур.и материјали за п-во | 110.954 | 63.635 | 174,36 |
| 2 | 401 | Трошоци за материјали за управа | 100.021 | 123.014 | 81,31 |
| 3 | 402 | Трошоци за енергија за производство | 150.560 | 211.628 | 71,14 |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија за управа | 179.264 | 506.507 | 35,39 |
| 5 | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за п-во | 22.946 | 2.126 | 1.079,30 |
| 6 | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за управа | | | |
| 7 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за п-во | 14.296 | 3.322 | 430,34 |
| 8 | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за управа | 415 | 9.600 | 4,32 |
| 9 | 410 | Транспортни услуги | | | |
| 10 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 8.094 | 21.323 | 37,96 |
| 11 | 412 | Надв.услуги за израб. на добра и изврш. услуги | | | |
| 12 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 20.200 | 17.194 | 117,48 |
| 13 | 414 | Наем - лизинг | 295.200 | 295.200 | 100,00 |
| 14 | 415 | Комунални услуги | 90.152 | 138.955 | 64,88 |
| 15 | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | | | |
| 16 | 419 | Останати услуги | | 16.800 | |
| 17 | 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | 4.604.378 | 4.288.596 | 107,36 |
| 18 | 421 | Плата и надоместоци на плата за управа | 1.616.611 | 1.348.856 | 119,85 |
| 19 | 422 | Останати трошоци на вработените | 258.500 | 285.000 | 90,70 |
| 20 | 430 | Трошоци за амортиз. за производство | 412.303 | 422.802 | 97,52 |
| 21 | 431 | Трошоци за амортиз. на биолошки средства | | | |
| 22 | 432 | Трошоци за амортиз. за управа | 30.810 | 30.810 | 100,00 |
| 23 | 440 | Днев.за служ.патувања, ноќевање и патни трош. | | 450 | |
| 24 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 63.864 | 58.506 | 109,16 |
| 25 | 442 | Трош.за надом.и др.прим.на чл. на УО и НО | | | |
| 26 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | |
| 27 | 444 | Трошоци за репрезентација | | | |
| 28 | 445 | Трошоци за осигурување | 13.498 | 10.757 | 125,48 |
| 29 | 446 | Банкарски услуги и трошоци за платен промет | | | |
| 30 | 447 | Даноци кои не зависат од резулт.членар.и др. | 9.517 | 16.602 | 57,32 |
| 31 | 448 | Трошоци за користење на права | | | |
| 32 | 449 | Останати трошоци на работењето | 720 | 9.674 | 7,44 |
| 33 | 455 | Вредн. усоглас. на краткор. побарувања | 10.261 | 7.662 | 133,92 |
| 34 | 460 | Загуба од расход на матер. средства | | | |
| 35 | 464 | Кусоци, кало, растур, расип. и кршење | 1.791.103 | 1.570.527 | 114,04 |
| 36 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побар. | | | |
| 37 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | |
| 38 | 469 | Останати расходи од работењето | | | |
| 39 | 474 | Камати од работење со неповрзани друштва | | | |
| 40 | 700 | Трошоци за продадени производи и услуги | 591.889 | 7.225.822 | 8,19 |
| 41 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | 6.035.591 | 5.296.769 | 113,95 |
| 42 | 703 | Набавна вредност на продадени материјали | | | |
| | | **Вкупно расходи I** | **16.431.147** | **21.982.137** | **74,75** |
| | | **Вкупно расходи без амортизација Ia** | **15.988.034** | **21.528.525** | **74,26** |
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи | 14.054.684 | 14.836.745 | 94,73 |
| 2 | 743 | Приходи од продажба на материјали и отпадоци | 1.356 | | |
| 3 | 745 | Приходи од употреба на сопствени производи | 37.406 | 113.395 | 32,99 |
| 4 | 764 | Вишоци | 9.357 | 36.329 | 25,76 |
| 5 | 767 | Прих. од премии, субвенции, дотации и донации | 361.984 | | |
| | | **Вкупно приходи II** | **14.464.787** | **14.986.469** | **96,52** |
| | | **Деловен резултат ( II - I )** | **-1.966.360** | **-6.995.668** | |
| | | **Деловен резултат без амор. (II - Ia)** | **-1.523.247** | **-6.542.056** | |

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА ТЕКОВНАТА 2023 ГОДИНА**
**- РИБНИК (АКВАКУЛТУРА) И ПРОДАЖБА НА РИБИ ПРЕКУ РИБАРНИЦА -**

| Ред. бр. | Конто | Опис | Реализ. во тековната 2023 год. | | | Структ. во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Рибник | Рибарница | Вкупно | |
| 1 | 400 | Трошоци за сур.и материјали за п-во | 110.954 | | 110.954 | 0,68% |
| 2 | 401 | Трошоци за материјали за управа | | 100.021 | 100.021 | 0,61% |
| 3 | 402 | Трошоци за енергија за производство | 150.560 | | 150.560 | 0,92% |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија за управа | | 179.264 | 179.264 | 1,09% |
| 5 | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за п-во | 22.946 | | 22.946 | 0,14% |
| 6 | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за управа | | | | |
| 7 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за п-во | 14.296 | | 14.296 | 0,09% |
| 8 | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за управа | | 415 | 415 | 0,00% |
| 9 | 410 | Транспортни услуги | | | | |
| 10 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 8.094 | | 8.094 | 0,05% |
| 11 | 412 | Надв.услуги за израб. на добра и изврш. услуги | | | | |
| 12 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 9.000 | 11.200 | 20.200 | 0,12% |
| 13 | 414 | Наем - лизинг | | 295.200 | 295.200 | 1,80% |
| 14 | 415 | Комунални услуги | 71.791 | 18.361 | 90.152 | 0,55% |
| 15 | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | | | | |
| 16 | 419 | Останати услуги | | | | |
| 17 | 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | 4.604.378 | | 4.604.378 | 28,02% |
| 18 | 421 | Плата и надоместоци на плата за управа | | 1.616.611 | 1.616.611 | 9,84% |
| 19 | 422 | Останати трошоци на вработените | 188.000 | 70.500 | 258.500 | 1,57% |
| 20 | 430 | Трошоци за амортиз. за производство | 412.303 | | 412.303 | 2,51% |
| 21 | 431 | Трошоци за амортиз. на биолошки средства | | | | |
| 22 | 432 | Трошоци за амортиз. за управа | | 30.810 | 30.810 | 0,19% |
| 23 | 440 | Днев.за служ.патувања, ноќевање и патни трош. | | | | |
| 24 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 53.964 | 9.900 | 63.864 | 0,39% |
| 25 | 442 | Трош.за надом.и др.прим.на чл. на УО и НО | | | | |
| 26 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | | |
| 27 | 444 | Трошоци за репрезентација | | | | |
| 28 | 445 | Трошоци за осигурување | 13.498 | | 13.498 | 0,08% |
| 29 | 446 | Банкарски услуги и трошоци за платен промет | | | | |
| 30 | 447 | Даноци кои не зависат од резулт.членар.и др. | 8.242 | 1.275 | 9.517 | 0,06% |
| 31 | 448 | Трошоци за користење на права | | | | |
| 32 | 449 | Останати трошоци на работењето | 720 | | 720 | 0,00% |
| 33 | 455 | Вредн. усоглас. на краткор. побарувања | | 10.261 | 10.261 | 0,06% |
| 34 | 460 | Загуба од расход на матер. средства | | | | |
| 35 | 464 | Кусоци, кало, растур, расип. и кршење | 1.729.978 | 61.125 | 1.791.103 | 10,90% |
| 36 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побар. | | | | |
| 37 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | | |
| 38 | 469 | Останати расходи од работењето | | | | |
| 39 | 474 | Камати од работење со неповрзани друштва | | | | |
| 40 | 700 | Трошоци за продадени производи и услуги | 591.889 | | 591.889 | 3,60% |
| 41 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | | 6.035.591 | 6.035.591 | 36,73% |
| 42 | 703 | Набавна вредност на продадени материјали | | | | |
| | | **Вкупно расходи I** | **7.990.613** | **8.440.534** | **16.431.147** | **100,00%** |
| | | **Вкупно расходи без амор. Ia** | **7.578.310** | **8.409.724** | **15.988.034** | |
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи | 6.709.827 | 7.344.857 | 14.054.684 | 97,16% |
| 2 | 743 | Приходи од продажба на материјали и отпадоци | | 1.356 | 1.356 | 0,01% |
| 3 | 745 | Приходи од употреба на сопствени производи | 36.716 | 690 | 37.406 | 0,26% |
| 4 | 764 | Вишоци | | 9.357 | 9.357 | 0,06% |
| 5 | 767 | Прих. од премии, субвенции, дотации и донации | 361.984 | | 361.984 | 2,50% |
| | | **Вкупно приходи II** | **7.108.527** | **7.356.260** | **14.464.787** | **100,00%** |
| | | **Деловен резултат ( II - I )** | **-882.086** | **-1.084.274** | **-1.966.360** | |
| | | **Деловен резултат без амор. (II - Ia)** | **-469.783** | **-1.053.464** | **-1.523.247** | |

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО ТЕКОВНАТА 2023 ГОДИНА**
**- СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ -**

Годишниот извештај за работењето со спортските објекти во тековната 2023 година ги опфаќа деловните активности во Зимскиот туристички центар „Ниже Поле“ со ски лифтовите „Чука“ и „Сапунчица“, чајџилницата и базенот „Довлеџик“ со придружни објекти.

Објектите од базенот „Довлеџик“, без компензациониот базен се дадени под закуп на друго правно лице, со што претпријатието остварува приходи од закупнина.

Зимскиот туристички центар „Ниже Поле“ со ски лифтовите „Чука“ и „Сапунчица“, чајџилницата и придружните објекти (засолништа) претставуваат одлично место за рекреација како во зимскиот така и во летниот период. Ски патеките овозможуваат скијање на оние кои се повешти скијачи и сакаат пострмни падини, но има ски патеки и за оние кои ги прават првите чекори на скии, поготово за најмладите кои почнуваат да ги учат скијачките вештини. Опремата на ски лифтовите редовно се контролира и одржува со што се овозможува сигурно и безбедно функционирање за потребите на љубителите на скијањето. Со извршените набавка на ратрак - тапкач на снег и моторна санка во минатите година, се обезбеди скијачките патеки да се со одличен квалитет за потребите на скијачите, како и се обезбеди брза интервенција на спасувачките служби за давање помош на скијачите кога ќе дојди до евентуални повреди. Со осветлувањето на дел од скијачките патеки љубителите на скијањето можат да уживаат и во ноќно скијање. Чајџилницата каде се служат топли напитоци, пијалоци и сендвичи, и изградените останати засолништа помагаат сите да се чувствуваат пријатно па и оние посетители кои не скијаат и сакаат само да уживаат во чистиот планински воздух и прекрасните видици кон врвовите на Баба Планина.

Со овие вложувања се збогати понудата за рекреација на сите оние кои ја сакаат планината како од градот Битола, така и од околните општини, со што се зголеми интересот на граѓаните за посета на зимскиот туристички центар, се зголеми бројот на скијачи и останатите љубители на планината кои уживаат во прекрасните можности што ги нуди овај дел на Баба Планина.

Во 2023 година љубителите на скијањето немаа баш многу среќа со снегот, па затоа и реализираните приходи од продажба на ски карти бележат значително намалување. Продадени се 556 ски карт за деца, 579 ски карти за возрасни, 676 ски карти за ноќно скијање, како и продадени се 107 карта за изнајмување на санки.

Реализираните финансиски ефекти од работењето со спортските објекти во 2023 година детално се дадени во следните табели.

.

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА ТЕКОВНАТА 2023 И ПРЕТХОДНАТА 2022 ГОДИНА**
**- СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ ВКУПНО -**

| Ред. бр. | Конто | Опис | Спортски објекти | | Индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Реализирано во тековна 2023 година | Реализирано во претходна 2022 година | |
| 1 | 400 | Трошоци за сур.и материјали за п-во | 563.293 | 921.553 | 61,12 |
| 2 | 401 | Трошоци за материјали за управа | | | |
| 3 | 402 | Трошоци за енергија за производство | 842.842 | 1.875.624 | 44,94 |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија за управа | | | |
| 5 | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за п-во | 57.417 | 212.523 | 27,02 |
| 6 | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за управа | | | |
| 7 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за п-во | 10.161 | 392.374 | |
| 8 | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за управа | | | |
| 9 | 410 | Транспортни услуги | | 449 | |
| 10 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 64.944 | 47.155 | 137,72 |
| 11 | 412 | Надв.услуги за израб. на добра и изврш. услуги | | | |
| 12 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 224.625 | 292.987 | 76,67 |
| 13 | 414 | Наем - лизинг | | 1.092 | |
| 14 | 415 | Комунални услуги | 15.960 | 22.137 | 72,10 |
| 15 | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | | | |
| 16 | 419 | Останати услуги | 132.705 | 111.500 | 119,02 |
| 17 | 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | 1.531.461 | 1.710.150 | 89,55 |
| 18 | 421 | Плата и надоместоци на плата за управа | | | |
| 19 | 422 | Останати трошоци на вработените | 70.500 | 130.550 | 54,00 |
| 20 | 430 | Трошоци за амортиз. за производство | 1.207.562 | 1.487.561 | 81,18 |
| 21 | 431 | Трошоци за амортиз. на биолошки средства | | | |
| 22 | 432 | Трошоци за амортиз. за управа | | | |
| 23 | 440 | Днев.за служ.патувања, ноќевање и патни трош. | 3.020 | 2.100 | 143,81 |
| 24 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 5.050 | 9.298 | 54,31 |
| 25 | 442 | Трош.за надом.и др.прим.на чл. на УО и НО | | | |
| 26 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | |
| 27 | 444 | Трошоци за репрезентација | 16.655 | 40.340 | 41,29 |
| 28 | 445 | Трошоци за осигурување | 36.120 | 30.090 | 120,04 |
| 29 | 446 | Банкарски услуги и трошоци за платен промет | | | |
| 30 | 447 | Даноци кои не зависат од резулт.членар.и др. | 5.976 | 1.779 | 335,92 |
| 31 | 448 | Трошоци за користење на права | | | |
| 32 | 449 | Останати трошоци на работењето | 3.729 | | |
| 33 | 451 | Вредн.усоглас. на вложувања во недвижности | | | |
| 34 | 455 | Вредн. усоглас. на краткор. побарувања | | | |
| 35 | 460 | Загуба од расход на матер. средства | | | |
| 36 | 464 | Кусоци, кало, растур, расип. и кршење | 52.220 | 47.290 | 110,43 |
| 37 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побар. | | | |
| 38 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | |
| 39 | 469 | Останати расходи од работењето | | | |
| 40 | 474 | Камати од работење со неповрзани друштва | | | |
| 41 | 700 | Трошоци за продадени производи и услуги | | | |
| 42 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | 378.240 | 496.019 | 76,26 |
| | | **Вкупно расходи I** | **5.222.480** | **7.832.571** | **66,68** |
| | | **Вкупно расходи без амор. Ia** | **4.014.918** | **6.345.010** | **63,28** |
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи | 1.900.478 | 3.372.417 | 56,35 |
| 2 | 745 | Приходи од употреба на сопствени производи | | | |
| 3 | 747 | Приходи од закуп | 290.880 | 290.880 | 100,00 |
| 4 | 764 | Вишоци | 25.552 | 123.397 | 20,71 |
| 5 | 767 | Прих. од премии, субвенции, дотации и донации | 225.276 | 473.381 | 47,59 |
| | | **Вкупно приходи II** | **2.442.186** | **4.260.075** | **57,33** |
| | | **Деловен резултат ( II - I )** | **-2.780.294** | **-3.572.496** | |
| | | **Деловен резултат без амор. (II - Ia)** | **-1.572.732** | **-2.084.935** | |

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА ТЕКОВНАТА 2023 ГОДИНА**
**- ПО СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ -**

| Ред. бр. | Конто | Позиција | Тековна 2023 година | | | | Структура во % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Базен | Ски лифт | Бифе ски лифт | Вкупно | |
| 1 | 400 | Трошоци за сур.и материјали за п-во | 1.652 | 291.568 | 270.073 | 563.293 | 10,79% |
| 2 | 401 | Трошоци за материјали за управа | | | | | |
| 3 | 402 | Трошоци за енергија за производство | | 530.995 | 311.847 | 842.842 | 16,14% |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија за управа | | | | | |
| 5 | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за п-во | | 53.686 | 3.731 | 57.417 | 1,10% |
| 6 | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за управа | | | | | |
| 7 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за п-во | | | 10.161 | 10.161 | 0,19% |
| 8 | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за управа | | | | | |
| 9 | 410 | Транспортни услуги | | | | | |
| 10 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | | 2.135 | 62.809 | 64.944 | 1,24% |
| 11 | 412 | Надв.услуги за израб. на добра и изврш. услуги | | | | | |
| 12 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 4.000 | 202.625 | 18.000 | 224.625 | 4,30% |
| 13 | 414 | Наем - лизинг | | | | | |
| 14 | 415 | Комунални услуги | | 7.110 | 8.850 | 15.960 | 0,31% |
| 15 | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | | | | | |
| 16 | 419 | Останати услуги | | 132.705 | | 132.705 | 2,54% |
| 17 | 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | | 708.323 | 823.138 | 1.531.461 | 29,32% |
| 18 | 421 | Плата и надоместоци на плата за управа | | | | | |
| 19 | 422 | Останати трошоци на вработените | | 23.500 | 47.000 | 70.500 | 1,35% |
| 20 | 430 | Трошоци за амортиз. за производство | | 1.015.982 | 191.580 | 1.207.562 | 23,12% |
| 21 | 431 | Трошоци за амортиз. на биолошки средства | | | | | |
| 22 | 432 | Трошоци за амортиз. за управа | | | | | |
| 23 | 440 | Днев.за служ.патувања, ноќевање и патни трош. | | 3.020 | | 3.020 | 0,06% |
| 24 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | | | 5.050 | 5.050 | 0,10% |
| 25 | 442 | Трош.за надом.и др.прим.на чл. на УО и НО | | | | | |
| 26 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | | | | | |
| 27 | 444 | Трошоци за репрезентација | | 16.655 | | 16.655 | 0,32% |
| 28 | 445 | Трошоци за осигурување | | 16.176 | 19.944 | 36.120 | 0,69% |
| 29 | 446 | Банкарски услуги и трошоци за платен промет | | | | | |
| 30 | 447 | Даноци кои не зависат од резулт.членар.и др. | | 250 | 5.726 | 5.976 | 0,11% |
| 31 | 448 | Трошоци за користење на права | | | | | |
| 32 | 449 | Останати трошоци на работењето | | 3.729 | | 3.729 | 0,07% |
| 32 | 451 | Вредн.усоглас. на вложувања во недвижности | | | | | |
| 33 | 455 | Вредн. усоглас. на краткор. побарувања | | | | | |
| 34 | 460 | Загуба од расход на матер. средства | | | | | |
| 35 | 464 | Кусоци, кало, растур, расип. и кршење | | | 52.220 | 52.220 | 1,00% |
| 36 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побар. | | | | | |
| 37 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | | | | | |
| 38 | 469 | Останати расходи од работењето | | | | | |
| 39 | 474 | Камати од работење со неповрзани друштва | | | | | |
| 40 | 700 | Трошоци за продадени производи и услуги | | | | | |
| 41 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | | | 378.240 | 378.240 | 7,24% |
| | | **Вкупно расходи I** | **5.652** | **3.008.459** | **2.208.369** | **5.222.480** | **100,00%** |
| | | **Вкупно расходи без амор. Ia** | **5.652** | **1.992.477** | **2.016.789** | **4.014.918** | |
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи | | 567.201 | 1.333.277 | 1.900.478 | 77,82% |
| 2 | 745 | Приходи од употреба на сопствени производи | | | | | |
| 3 | 747 | Приходи од закуп | 290.880 | | | 290.880 | 11,91% |
| 4 | 764 | Вишоци | | | 25.552 | 25.552 | 1,05% |
| 5 | 767 | Прих. од премии, субвенции, дотации и донации | | 134.725 | 90.551 | 225.276 | 9,22% |
| | | **Вкупно приходи II** | **290.880** | **701.926** | **1.449.380** | **2.442.186** | **100,00%** |
| | | **Деловен резултат ( II - I )** | **285.228** | **-2.306.533** | **-758.989** | **-2.780.294** | |
| | | **Деловен резултат без амор. (II - Ia)** | **285.228** | **-1.290.551** | **-567.409** | **-1.572.732** | |

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ТЕКОВНАТА 2023 И ПРЕТХОДНАТА 2022 ГОДИНА**
**ЈП „СТРЕЖЕВО“ – БИТОЛА – РЕКАПИТУЛАЦИЈА**

Во рекапитулацијата од Годишниот извештај за ЈП „Стрежево“ - Битола за тековната 2023 и претходната 2022 година, прикажани се реализираните финансиски ефекти од вкупното работење на претпријатието **по дејности**.

**Реализирани приходи и расходи по дејности во тековната 2023 година**

| Позиција | * Водостоп. дејност | Хидроцен-трали | Рибарство | Спортски Објекти | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| * Вкупни расходи | 410.488.519 | 6.883.243 | 16.431.147 | 5.222.480 | 439.025.389 |
| * Вк.расходи без амор. | 202.320.459 | 4.750.055 | 15.988.034 | 4.014.918 | 227.073.466 |
| Вкупни приходи | 182.173.771 | 41.235.036 | 14.464.787 | 2.442.186 | 240.315.780 |
| Деловен резултат | -228.314.748 | 34.351.793 | -1.966.360 | -2.780.294 | -198.709.609 |
| Дел.резултат без амортиз. | -20.146.688 | 36.484.981 | -1.523.247 | -1.572.732 | 13.242.314 |

**Реализирани приходи и расходи по дејности во претходната 2022 година**

| Позиција | Водостоп. дејност | Хидроцен-трали | Рибарство | Спортски Објекти | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупни расходи | 454.295.953 | 7.194.693 | 21.982.137 | 7.832.571 | 491.305.354 |
| Вк.расходи без амор. | 211.527.394 | 4.604.107 | 21.528.525 | 6.345.010 | 244.005.036 |
| Вкупни приходи | 184.686.943 | 68.584.506 | 14.986.469 | 4.260.075 | 272.517.993 |
| Деловен резултат | -269.609.010 | 61.389.813 | -6.995.668 | -3.572.496 | -218.787.361 |
| Дел.резултат без амортиз. | -26.840.451 | 63.980.399 | -6.542.056 | -2.084.935 | 28.512.957 |

И покрај вкупниот негативен финансиски резултат и во 2023 година, приходите намалени за расходите без амортизација имаат позитивен предзнак, т.е. се поголеми од расходите и изнесуваат 13.242.314

**** При анализирањето на вкупните расходи во 2023 година во водостопаската дејност, како што е наведено и во уводниот дел, треба да се има во предвид изгубениот судски спор со ЗК „Пелагонија“ АД Битола за наводно направена штета за неиспорачана вода во 2015 година, кој има свое негативно директно влијание на финансиските податоци од водостопанската дејност. Како што беше и претходно наведено книжени се трошоци за исплатени камати на ЗК „Пелагонија“ на износ од 30.094.751. Без тие трошоци вкупните расходи во водостопанската дејност во 2023 година би се намалиле за овој износ и би изнесувале 380.393.768 денари, или трошоците во водостопанската дејност во 2023 година во однос на 2022 година би биле намалени за 16,27 индексни поени. Тоа би се одразило и на деловниот резултат кој би бил -198.219.997 денари, или без амортизација би бил позитивен и би изнесувал 9.948.063 денари.***

***Табела на аналитика на синтетичките конта 419 (Останати услуги),***
***422 (Останати трошоци на вработените) и 449 (Останати трошоци од работењето)***

| Конто | Опис | Конто | Опис | Остварено во 2023 | Остварено во 2022 | Индекс 2023/2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| 419 | Останати услуги | 4190 | Шпедитерски услуги | | | |
| 419 | Останати услуги | 4191 | Геодетски услуги | 1.451.411,0 | 80.000,0 | 1.814,26 |
| 419 | Останати услуги | 4192 | Регистрација на патн.и тов.возила | 178.970,0 | 165.437,0 | 108,18 |
| 419 | Останати услуги | 4193 | Услуги за користење на автопостојки | | | |
| 419 | Останати услуги | 4194 | Усл.за контр.на квалитет-атест.добра | | | |
| 419 | Останати услуги | 4195 | Други услуги - оскултација на Брана | 60.290,0 | 48.620,0 | 124,00 |
| 419 | Останати услуги | 4196 | Огласи и соопштенија | 487.678,0 | 401.121,0 | 121,58 |
| 419 | Останати услуги | 4197 | Надомест за користење потисен цевковод | 356.571,0 | 239.059,0 | 149,16 |
| 419 | Останати услуги | 41997 | Други услуги | 70.165,0 | 56.053,0 | 125,18 |
| **419** | **Вкупно** | | | **2.605.085,0** | **990.290,0** | **263,06** |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4220 | Отпремнина при пензионирање | 561.076,0 | 925.948,0 | 60,59 |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4221 | Испратнина | | | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4222 | Јубилејни награди | | 105.562,0 | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4223 | Помош за смрт на работник | 105.000,0 | 282.856,0 | 37,12 |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4224 | Регрес за годишен одмор К-15 | 5.311.000,0 | 5.332.500,0 | 99,60 |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4225 | Други видови помош на вработени | | | |
| 422 | Останати трошоци за вработените | 4229 | Останати трошоци на вработени | | 102.696,0 | |
| **422** | **Вкупно** | | | **5.977.076,0** | **6.749.562,0** | **88,56** |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44900 | Интелектуални услуги | 3.000,0 | 14.400,0 | 20,83 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44901 | Трошоци по договор за дело | 16.667,0 | 1.715.045,0 | 0,97 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44902 | Консултански услуги | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44903 | Трош.за ревизија на финан.извештаи | 168.000,0 | 176.400,0 | 95,24 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44904 | Трошоци за вештачење | 12.600,0 | 22.900,0 | 55,02 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44905 | Адвокатски услуги | 568.962,0 | 270.850,0 | 210,07 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44906 | Нотарски услуги | 1.310,0 | 44.468,0 | 2,95 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44907 | Трошоци на извршители | 26.902,0 | 10.392,0 | 258,87 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44908 | Трошоци по судски решенија | 48.109,0 | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44909 | Останати интел.услуги - зашт.од пожари | 24.300,0 | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4491 | Трошоци за контрола на квалитет | 720,0 | 5.945,0 | 12,11 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4492 | Весници и списанија | 112.112,0 | 121.676,0 | 92,14 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4493 | Стручна литература | | 4.667,0 | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4494 | Трошоци за лиценци и сертификати | 34.209,0 | 35.085,0 | 97,50 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4495 | Трошоци за ИСО стандард | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4496 | Трошоци за порибување | 255.000,0 | 245.350,0 | 103,93 |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4497 | Трошоци за медијација | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 4498 | Трошоци за волонтерска работа | | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44990 | Останати трошоци во работењето | 705,0 | | |
| 449 | Останати трошоци на работењето | 44991 | Останати трошоци - влезници | 18.000,0 | | |
| **449** | **Вкупно** | | | **1.290.596,0** | **2.667.178,0** | **48,39** |

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА ТЕКОВНАТА 2023 И ПРЕТХОДНАТА 2022 ГОДИНА**
**ЈП „ СТРЕЖЕВО “ - БИТОЛА**

| Ред. бр. | Конто | Опис | Реализирано во тековна 2023 година | Реализирано во претходна 2022година | Индекс 2023/2022 | Структура во % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 400 | Трошоци за суровини и материјали за п-во | 2.304.459 | 1.864.549 | 123,59 | 0,52% |
| 2 | 401 | Трошоци за материјали за админ. | 519.191 | 503.848 | 103,05 | 0,12% |
| 3 | 402 | Трошоци за енергија за п-во | 7.933.153 | 10.985.783 | 72,21 | 1,81% |
| 4 | 403 | Трошоци за енергија за админ. | 2.204.603 | 3.807.016 | 57,91 | 0,50% |
| 5 | 404 | Рез. делови и матер. за одржување за п-во | 11.337.655 | 8.752.847 | 129,53 | 2,58% |
| 6 | 405 | Рез. делови и матер. за одржување за админ. | 50.797 | 43.574 | 116,58 | 0,01% |
| 7 | 407 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за п-во | 938.327 | 995.178 | 94,29 | 0,21% |
| 8 | 408 | Ситен инвентар, амбалажа и автогуми за админ. | 106.219 | 92.619 | 114,68 | 0,02% |
| 9 | 410 | Транспортни услуги | 429 | 1.042 | 41,17 | 0,00% |
| 10 | 411 | Поштенски, телефонски и интернет услуги | 1.480.580 | 1.579.142 | 93,76 | 0,34% |
| 11 | 412 | Надв.усл. за изработка на добра и изврш.услуги | 6.150 | 2.043 | 301,03 | 0,00% |
| 12 | 413 | Услуги за одржување и заштита | 2.503.965 | 1.844.882 | 135,72 | 0,57% |
| 13 | 414 | Наем - лизинг | 295.200 | 296.292 | 99,63 | 0,07% |
| 14 | 415 | Комунални услуги | 709.845 | 609.798 | 116,41 | 0,16% |
| 15 | 417 | Трош. за реклама, пропаг. пром. саеми | 46.464 | 74.354 | 62,49 | 0,01% |
| 16 | 419 | Останати услуги | 2.605.085 | 990.290 | 263,06 | 0,59% |
| 17 | 420 | Плата и надоместоци на плата за п-во | 94.938.020 | 92.468.300 | 102,67 | 21,62% |
| 18 | 421 | Плата и надоместоци на плата за админ. | 36.178.756 | 35.401.873 | 102,19 | 8,24% |
| 19 | 422 | Останати трошоци на вработените | 5.977.076 | 6.749.562 | 88,56 | 1,36% |
| 20 | 430 | Трошоци за амортиз. за п-во | 211.086.280 | 246.432.957 | 85,66 | 48,08% |
| 21 | 431 | Трошоци за амортиз. на биол. средства | | | | |
| 22 | 432 | Трошоци за амортиз. за админ. | 865.643 | 867.362 | 99,80 | 0,20% |
| 23 | 439 | Останати долг. резер. за трош. и ризици | | | | |
| 24 | 440 | Дневн. за служб. патув.ноќевање и патни трош. | 152.860 | 160.945 | 94,98 | 0,03% |
| 25 | 441 | Надомест на трошоци на вработени | 1.974.897 | 1.282.675 | 153,97 | 0,45% |
| 26 | 442 | Трош. за над. и др. примања на чл. на УО и НО | 1.359.983 | 1.596.945 | 85,16 | 0,31% |
| 27 | 443 | Трошоци за спонзорства и донации | 1.064.248 | 676.031 | 157,43 | 0,24% |
| 28 | 444 | Трошоци за репрезентација | 389.762 | 246.137 | 158,35 | 0,09% |
| 29 | 445 | Трошоци за осигурување | 5.180.174 | 3.937.087 | 131,57 | 1,18% |
| 30 | 446 | Банкар. услуги и трош. за платен промет | 301.876 | 248.612 | 121,42 | 0,07% |
| 31 | 447 | Даноци кои не зависат од резулт. членар. и др. | 1.077.322 | 1.117.797 | 96,38 | 0,25% |
| 32 | 448 | Трошоци за користење на права | 131.528 | 17.029 | 772,38 | 0,03% |
| 33 | 449 | Останати трошоци на работењето | 1.290.596 | 2.667.178 | 48,39 | 0,29% |
| 34 | 451 | Вредн.усогласување на материјални средства | | 14.876 | | |
| 34 | 452 | Вредн. усоглас. на вложување во недвижности | | | | |
| 35 | 455 | Вредн. усоглас. на краткор. побарувања | 794.570 | 675.775 | 117,58 | 0,18% |
| 36 | 460 | Загуба од расход на матер. средства | | | | |
| 37 | 464 | Кусоци, кало, растур, расип. и кршење | 1.843.323 | 1.617.817 | 113,94 | 0,42% |
| 38 | 466 | Расходи врз основа на отпис на побарувања | 615.433 | | | 0,14% |
| 39 | 468 | Казни, пенали, надомест за штети и др. | 3.327.486 | 34.574.203 | 9,62 | 0,76% |
| 40 | 469 | Останати расходи од работењето | | | | |
| 41 | 474 | Камати од работ. со неповрз. друштва | 30.427.714 | 15.090.327 | 201,64 | 6,93% |
| 42 | 475 | Негативни курсни разлики | | | | |
| 43 | 700 | Трошоци за продадени производи и услуги | 591.889 | 7.225.822 | | 0,13% |
| 44 | 701 | Набавна вредност на продадени стоки | 6.413.831 | 5.792.788 | 110,72 | 1,46% |
| 45 | 703 | Набавна вредност на продадени материјали | | | | |
| | | **I. Вкупни расходи** | **439.025.389** | **491.305.355** | **89,36** | **100,00%** |
| | | **Ia. Вкупни расходи без амортизација:** | **227.073.466** | **244.005.036** | **93,06** | |
| 1 | 740 | Приходи од продажба на производи и услуги | 231.175.752 | 261.843.513 | 88,29 | 96,20% |
| 2 | 743 | Приходи од продажба на материјали | 1.356 | | | 0,00% |
| 3 | 745 | Приходи од употреба на сопствени производи | 1.257.866 | 2.140.528 | 58,76 | 0,52% |
| 4 | 747 | Приходи од закуп | 290.880 | 290.880 | 100,00 | 0,12% |
| 5 | 749 | Останати приходи | 9.226 | 14.919 | | 0,00% |
| 6 | 764 | Вишоци | 35.260 | 162.742 | 21,67 | 0,01% |
| 7 | 765 | Приходи од наплатени отпишани побарувања | 384.249 | 522.972 | 73,47 | 0,16% |
| 8 | 767 | Прих. од премии, субвенции, дотации и донации | 2.657.673 | 2.629.643 | 101,07 | 1,11% |
| 9 | 769 | Останати приходи од работењето | 3.438.734 | 2.891.041 | 118,94 | 1,43% |
| 10 | 774 | Финансиски приходи | 1.064.784 | 2.021.625 | 52,67 | 0,44% |
| 11 | 776 | Приходи од вложувања во инвест. фондови | | 130 | | |
| 12 | 777 | Приходи од вредносно усогласување | | | | |
| | | **II. Вкупен приход** | **240.315.780** | **272.517.993** | **88,18** | **100,00%** |
| | | **III. Деловен резултат ( II-I )** | **-198.709.609** | **-218.787.362** | **90,82** | |
| | | **IIIa. Деловен резултат без амортиз. ( II-Ia )** | **13.242.314** | **28.512.957** | | |

**ЗАКЛУЧНО МИСЛЕЊЕ**

И покрај сите потешкотии во работењето во тековната 2023 година, ЈП „Стрежево“ - Битола ја одржа финансиската ликвидност, при што редовно се исплаќаа платите на вработените, навремено се исплаќаа обврските кон добавувачите, како и обврските по основ на даноци кон државата.

Вкупните приходи реализирани во тековната 2023 година изнесуваат 240.315.780 денари. Вкупните расходи реализирани во 2023 година изнесуваат 439.025.389 денари или без амортизација изнесуваат 227.073.466 денари. Деловниот резултат во 2023 година е негативен и изнесува -198.709.609 денари. Ако од деловниот резултат на претпријатието го отстраниме влијанието на амортизацијата, или разликата на вкупните приходи и вкупните расходи без амортизација, реализирани во тековната 2023 година е позитивна, и изнесува 13.242.314 денари. Вкупната амортизација во тековната 2023 година изнесува високи 211.951.923 денари, што произлегува од високиот износ на нетековни средства со кои располага ЈП „Стрежево“ - Битола.

Изгубениот судски спор со ЗК „Пелагонија“ АД Битола го отежна работењето во водостопанската дејност, како во претходната 2022 година така и во тековната 2023 година, но со посветена работа на менаџерскиот тим и на сите вработени во претпријатието не се дозволи да трпат водокорисниците и успешно е завршена сезоната за наводнување во 2023 година.

Одлични резултати се постигнати во енергетската дејност – производство на електрична енергија, каде е зголемен физичкиот обем на производството за 35,65 индексни поени и произведени се 6.803.147 kWh електрична енергија. И покрај опаѓачкиот тренд на цената на електрична енергија на HUPX – берзата, зголеменото производство на електрична енергија малку го ублажи ценовниот шок и реализирани се солидни приходи. Деловниот резултат ако се разгледува само во оваа дејност е позитивен и изнесува 34.351.793 денари, или без амортизација изнесува 36.484.981 денар.

Имајќи ги во предвид билансите по дејности произлегува дека работењето во водостопанската дејност е неодрживо, и дека тоа е во спротивност и со член 30, став 1, алинеа 1, од Законот за водостопанство (Основи за утврдување на надоместоци), каде законодавецот ќе рече дека еден од првите основи за утврдување на надоместоците е да се пресметува целосниот трошок за испорачаната вода на водокорисниците. ЈП „Стрежево“ ова не може да го постигне со цени за кои последно Владата, како основач на јавното претпријатие, согласност има дадено на Ценовник за висината на надоместоците за услуги за снабдување со вода во далечната 2014 година. Одливот на средства за изгубениот судски спор со ЗК „Пелагонија“ во износ од над 106.815.691 денар, само уште повеќе го забрзаа и заоштрија овој дизбаланс на приходите и расходите во водостопанската дејност. Ова го констатира и Ревизијата од страна на Државен завод за ревизија на РСМ во конечниот извештај на успешност „Користење на водите за наводнување“ со опфатност на периодот од 2019 до 2021 година, каде меѓу другото е констатирано дека цените по кои се фактурираат услугите за наводнување не обезбедуваат одржливост, односно покривање на трошоците за тековно одржување на хидросистемите, а не пак да стане збор за инвестиционо одржување или пак за нови инвестиции. Добивањето на согласност од страна на Владата на Република Северна Македонија на Ценовникот за утврдување на висината на надоместоците за услуги за снабдување со вода на Јавното претпријатие „Стрежево“ – Битола за 2024 година, ќе значи дополнителен импулс претпријатието да продолжи со успешно работење и ќе биде во можност да ги исполни

планските задачи зацртани во Инвестиционата програма за 2024 година, во поглед на инвестиционото одржување на хидроситемот и реализација на планираните нови инвестиции.

Со цел добрите резултати во работењето да се одржливи и уште повеќе да се подобрат и зацврстат се предлагаат сет на мерки во таа насока:

1. Мерки за подобрување на ликвидноста

- утврдување на коефициентите на моменталната, тековната и забрзаната ликвидност како и финансиската стабилност;
- навремена наплата на побарувањата и примена на сите законски можности што се на располагање за наплата со намалување на роковите за наплата.
- ажурирање на фактурите за затезни камати од купувачите;
- точно и навремено плаќање на обврските;
- дефинирање на минималните, максималните и оптималните залихи на сите видови;
- зголемување на продажбата со примена на нови мерки на продажна политика.

2. Мерки за подобрување на работењето

- воспоставување на систем за зголемување на личната и колективната одговорност кај секој работник без исклучок;
- подобро и поефикасно организирање на техничко-технолошката подготовка на оперативните работи;
- воспоставување на поголема и посигурна контрола за користење на работното време;

3. Контрола на трошоците, штедење и економска анализа

- посебно внимание да се посвети на оние трошоци кои значително учествуваат во вкупните трошоци;
- контрола на материјалните трошоци, гориво, ситен инвентар, дневници и плати;
- следење на трошоците според работните налози;
- залихите на материјали и на резервни делови да се држат на оптимално ниво.

4. Планирање и контрола на извршените работи

- Изрработка на краткорочни и среднорочни планови, и изработка на стратегија за долгорочен развој на претпријатието;
- следење на реализација на плановите, квартално и на годишно ниво;